Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18 и 16/19) Градоначалникот на општина Струмица , објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се организира јавна анкета и јавна презентација за измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од блок 42 УЕ 5 по ГУП за град Струмица, Општина Струмица со површина од 2,08 ха и граничен опфат:

- Од северната страна по граница на улица “Новопланирана Улица 6”;
- Од западната страна по граница на улица “Новопланирана Улица 1”;
- Од источната страна по улица “Собирна Улица 1”.

Одлуките за организирање на јавна анкета и јавна презентација се објавени на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи , на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Јавната анкета ќе трае од 04.10.2019 год. до 18.10.2019 год.

Заинтересираните граѓани и правни лица, своите забелешки на посебни анкетни листови, ќе можат да ги достават во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Дом на АРМ на ден 10.10.2019 година во 11:00 часот

Бр.09-7226/5
30.09.2019 год
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски